# Со селектирањето пластиката
# ПОВЕЌЕ НЕ Е ЃУБРЕ

**Кој вели дека нашите средношколци не се модерни европски граѓани? Ете, на пример гостиварските средношколци, пионери во рециклирањето пластика, полека но сигурно доаѓаат до сознанието дека работејќи на овој проект работат за својата и за иднината на земјата**



Работа во група во Техничкото училиште - за крај фотка за спомен



Првата тура собрани пластични шишиња успешно е завршена во средно економското училиште

Додека во голем број градови во Македонија ќе сретнете грда слика на отпад расфрлан декаде – во средните училишта во Гостивар ќе ве дочека една сосема поинаква приказна.

Од јуни 2007 година сите средни училишта во Гостивар се вклучија во проектот за рециклирање на Здружението на граѓани „Фронт 21/42", насловен „Сите сме заедно во кругот!". Ова е прва организирана програма за рециклирање во нашата земја, која ги вклучува сите елементи за „затворање на кругот" - потрошувачи, посебни контејнери за пластика и откуп.

### "Бизнис" со пластична амбалажа

Во секое училиште „Фронт 21/42" формираа работна група од ученици и неколку одговорни наставници, која „го води бизнисот" со пластична амбалажа. Гостивар е град во кој живеат Македонци, Албанци и Турци и токму такви се и работните групи. Она што е заедничко за сите се високата еколошка свест и одговорноста за сопствените постапки, но и за генерациите што доаѓаат по нас.

Некои, како Иван Исаиловски од средното техничко училиште, се вклучиле во проектот од љубопитност, но откако „подлабоко завлегле во него" комплетно се посветиле на подобрување на еколошката свест кај сограѓаните. За Игор Богданоски, од истото училиште главниот мотив е тоа што сака да живее во чиста и незагадена средина. Воин Срезоски, нивен соученик, проектот го гледа во поширoки рамки. За причините зошто учествува во овој проект вели: „Секој граѓанин сака нашава земја да влезе во ЕУ, а за да се постигне тоа, треба да ја приближиме Македонија до европските трендови и новитети. Мојот мотив е токму тоа - трансформирање на Македонија во поубава европска земја.

### Со селектирањето пластика веќе не е ѓубре

Елвира Мифтари од Економското училиште вели: „Многу сум задоволна што сум вклучена во овој проект; за мене ова е голема чест". Каков и да е мотивот, учениците од сите училишта го делат истото чувство на гордост што први во Македонија редовно го селектираат отпадот за рециклирање.

На пионерите не им е никогаш лесно, промените, особено промените на старите навики, не се случуваат преку ноќ. Елена Богоевска од средното медицинско училиште признава дека сè уште повеќето од нејзините соученици на селектирањето пластика гледаат како на "ѓубре" и поради тоа не сакаат да се вклучат, но се надева дека со текот на времето ќе проработи свеста кај голем дел од нив. Во некои случаи „свеста веќе проработува" - Нурџан Раифи од економското училиште открива: „Во почетокот дел од учениците се срамеа, но тоа се надминува со тек на времето, бидејќи да работиш на овој проект значи да работиш за својата и за иднината на земјата."

**Сите училишта што се заинтересирани проектот да се реализира и кај нив може да испратат имејл на: front212@earthling.net или да се јават на тел. 02/3122-546.**

**„Сите сме заедно во кругот" е проект на Здружението на граѓани „Фронт 21/42" и се спроведува преку програмата Сектор на РЕЦ, а е финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и Буџетот за билатерална програма на британската амбасада во Македонија**

Досега, во рамките на проектот, учениците имаат собрано околу половина тон пластика. Можеби не изгледа премногу, но ова е почеток, а почетоците се секогаш најтешки. Членовите на работните групи не се откажуваат во проектот да вклучат што поголем број од своите соученици, професори и граѓани од Гостивар. За тоа имаат и дополнителна мотивација – училиштето што до крајот на годината ќе собере најмногу амбалажа ќе добие награда од 500 евра, а најактивниот ученик - ајпод или дигитална камера.

Она што е интересно е дека средствата што учениците ќе ги заработат од пластиката што ја собрале ќе бидат уплатени директно на сметка на училиштето, а сите ученици што учествувале во проектот и носеле пластика, на демократски начин, со гласање, ќе решат како да се потрошат.

Почиста средина, дополнителни средства и можност за добра награда - одлична комбинација, зар не?

### Пораки полни со позитивни вибрации

За крај, еве ги пораките од учениците од Гостивар до сите средношколци во Македонија:

Срезоски Воин: „Што побрзо да се вклучите во овој проект бидејќи европската иднина на нашата татковина е во наши раце!"

Исаиловски Иван: „Собирајте ги пластичните амбалажи, мали се, а придонесот е голем!"

Џумазие Зибери: „Работете на вакви проекти, ќе направите многу за вас и за сите други!"

Загорка Богојевска, Даниела Наумоска, Васко Момировски: „Сите да се приклучат во ваков проект затоа што придонесува за нашата подобра иднина."

Игор Богданоски: „Ресурсите на планетава Земја се ограничени, затоа да ги искористиме максимално! За тоа да се случи мора да рециклираме за подобро утре!"

Елвира Мифтари: „На сите мои соученици би им порачала да се ангажираат во вакви проекти."

Елена Богоевска: „Сите средношколци треба да се вклучат во овој проект за сите заедно ја подобриме животната средина и да овозможиме подобар живот за сите бидејќи СИТЕ СМЕ ЗАЕДНО ВО КРУГОТ!"



Весело, дружељубиво и полетно - една од серијата работилници